Агенција за промоција и поддршка на туризмот на
Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit
në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 03 - 4431/1
28 . 07 2021 год./viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Агенција за промоција и поддршка на туризмот
Број и датум 28 . 07 . 2021

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), а во врска со член 50 став (2) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/2009) директорот на Агенција за промоција и поддршка на туризмот, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

**за назначување на лице кое известува за неправилности и сомнежи за измами или корупција**

1. Се определува административниот службеник АЛЕКСАНДАР КАЛИНИКОВ, вработен во Агенција за промоција и поддршка на туризмот на работно место Виш соработник за анализи и истражувања – Сектор за промоција на туризмот, анализа, истражување и меѓународна соработка, за лице кое известува за неправилности и сомнежи за измеми или корупција во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, директорот има обврска да назначи лице кое ќе известува за неправилности и сомнежи за измама или корупција во Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, а со цел на да се спречи ризикот од неправилности и измами и превземање на дејствија против неправилностите и измамите.

Лицето кое е определено да известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција е должно неправилностите кои ќе ги утврди, да превзема мерки и за тоа да ги известува – Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за финансии – Управата за финансиска полиција и Финансиска инспекција на јавниот сектор, а во рок од 15 дена од превземените мерки во писмена форма го известува лицето кое укажало на наеправилности и измами, освен во случај на анонимна пријава.

Имајќи го во предвид горенаведеното се донесе решение како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение, државниот службеник има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на врачување на решението.

ДОСТАВЕНО ДО :
- државниот службеник;
- персонално досие;
- архивата на Агенцијата и
- Министерството за финансии - Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола

Директор
Љупчо Јаневски

Изготвил: Јасмина Лескаровска